# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
# НА ОПШТИНА РОСОМАН

**Бр.10/26 од 24.07.2026 година**

*Службениот гласник на Општина Росоман излегува по потреба*    *Изготвува општинската администрација на Општина Росоман*

## СОДРЖИНА


1. Заклучок за објавување на Решението за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Росоман за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година........ **3**
2. Решение за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Росоман за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година........ **4**
3. Заклучок за објавување на Заклучокот по однос на точка 2.1 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Барањето со бр.08-619/1 од 17.07.2026 година поднесено од Лазаров Љупчо од Росоман........ **5**
4. Заклучок по однос на точка 2.1 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Барањето со бр.08-619/1 од 17.07.2026 година поднесено од Лазаров Љупчо од Росоман........ **6**
5. Заклучок за објавување на Заклучокот по однос на точка 2.2 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Барањето за финансиска поддршка за манастирчето „Св.Богородица“ со бр.08-596/1 од 06.07.2026 година поднесено од Александар Петров од Росоман........ **7**
6. Заклучок по однос на точка 2.2 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Барањето за финансиска поддршка за манастирчето „Св.Богородица“ со бр.08-596/1 од 06.07.2026 година поднесено од Александар Петров од Росоман........ **8**
7. Заклучок за објавување на Програмата за измена на Програмата за изградба, реконструкција, заштита и одржување на локални улици и патишта и комунална изградба во Општина Росоман за 2026та година........ **9**
8. Програма за измена на Програмата за изградба, реконструкција, заштита и одржување на локални улици и патишта и комунална изградба во Општина Росоман за 2026та година........ **10**
9. Заклучок за објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот – Елаборатот за проценета штета од природна непогода – мраз што ја зафати територијата на Општина Росоман од 02ри до 04ти мај 2026 година........ **12**
10. Одлука за усвојување на Извештајот – Елаборатот за проценета штета од природна непогода – мраз што ја зафати територијата на Општина Росоман од 02ри до 04ти мај 2026 година........ **13**
11. Заклучок за објавување на Решението за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на ЈОУДГ „Праскичка“ – Росоман........ **14**
12. Решение за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на ЈОУДГ „Праскичка“ – Росоман........ **15**
13. Заклучок за објавување на Заклучокот по однос на точка 6 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Предлог – Решението за формирање на Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти........ **16**
14. Заклучок по однос на точка 6 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Предлог – Решението за формирање на Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти........ **17**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Росоман за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година, донесено на 14-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 24.07.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-623/1.1**
**27.07.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а во врска со член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24, 37/25 и 77/26), Советот на Општина Росоман на 14-та седница одржана на ден 24.07.2026 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Росоман за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година**

1. Со ова Решение се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Росоман за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година, доставен од страна на Градоначалникот со допис арх.бр.05-608/1 од ден 09.07.2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-623/1.1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**24.07.2026 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Р О С О М А Н** **Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Заклучокот по однос на точка 2.1 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Барањето со бр.08-619/1 од 17.07.2026 година поднесено од Лазаров Љупчо од Росоман, донесен на 14-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 24.07.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-623/1.2,1**
**27.07.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 14-та седница одржана на ден 24.07.2026 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

**1.** По однос на точка 2.1 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Барањето со бр. 08-619/1 од 17.07.2026 година поднесено од Лазаров Љупчо од Росоман, по одржана седница, Советот одлучи:

- Советот на Општина Росоман не го усвои Барањето со бр.08-619/1, односно не донесе Одлука за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице, поради немање на потребно мнозинство.

**2.** Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-623/1.2,1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**РОСОМАН**
**24.07.2026 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Р О С О М А Н** **Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Заклучокот по однос на точка 2.2 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Барањето за финансиска поддршка за манастирчето „Св.Богородица“ со бр.08-596/1 од 06.07.2026 година поднесено од Александар Петров од Росоман, донесен на 14-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 24.07.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-623/1.2,2**
**27.07.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 14-та седница одржана на ден 24.07.2026 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

**1.** По однос на точка 2.2 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Барањето за финансиска поддршка за манастирчето „Св.Богородица“ со бр. 08-596/1 од 06.07.2026 година поднесено од Александар Петров од Росоман, со кое подносителот бара општината да обезбеди средства за покривање на конструкцијата на манастирчето и тампонирање и проширување на пристапниот пат до манастирчето, по одржана седница, Советот одлучи:

- Барањето за финансиска поддршка за манастирчето „Св. Богородица“ бр.08-596/1 да биде делумно усвоено, каде што од страна на општината ќе биде извршено тампонирање и проширување на пристапниот пат до манастирчето, а останатиот дел од барањето - покривање на конструкцијата на манастирчето, не беше одобрен од страна на Советот.

**2.** Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-623/1.2,2**
**24.07.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Програмата за измена на Програмата за изградба, реконструкција, заштита и одржување на локални улици и патишта и комунална изградба во Општина Росоман за 2026та година, донесена на 14-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 24.07.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-623/1.3**
**27.07.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а во врска со член 14 став 4 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21, 253/23, 224/24, 135/25 и 269/2025), Советот на Општина Росоман на 14-та седница одржана на ден 24.07.2026 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## за измена на Програмата за изградба, реконструкција, заштита и одржување на локални улици и патишта и комунална изградба во Општина Росоман за 2026^та^ година

Со оваа Програма се вршат измени и дополнувања на Програмата за изградба, реконструкција, заштита и одржување на локални улици и патишта и комунална изградба во Општина Росоман за 2026^та^ година со арх.бр.08-92/1.4 донесена на 6-та седница на Советот на општина Росоман одржана на ден 02.02.2026 година.

Во програмата за изградба, реконструкција, заштита и одржување на локални улици и патишта и комунална изградба во Општина Росоман за 2026^та^ година во насловот II. ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ,

Се менува реден број 1:

| Р.б | Планирана активност | Носител на активноста | Планирани средства |
|---|---|---|---|
| **1.** | **Поплочување на улици и други јавни површини со бекатон коцки на територија на општина Росоман** | Општина Росоман | 3.000.000,00 денари |

И истиот гласи:

| Р.б | Планирана активност | Носител на активноста | Планирани средства |
|---|---|---|---|
| **1.** | **Поплочување на улици и други јавни површини со бекатон коцки на територија на општина Росоман** | Општина Росоман | 4.412.207,62 денари |

Се бришат реден број 4 и реден број 8:

| | | | |
|---|---|---|---|
| **4.** | **Реконструкција на зелени паркови, површини на улица Маршал Тито во Росоман и покрај регионален пат Росоман - Кавадарци** | **Општина Росоман** | 1.500.000,00 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **8.** | **Реконструкција на крак (кај Технички) на улица Гоце Делчев со изградба на пристап (скали) до магистралниот пат** | **Општина Росоман** | **2.000.000,00 денари** |

Програмата за изградба, реконструкција, заштита и одржување на локални улици и патишта и комунална изградба во Општина Росоман за 2026[та] година со арх.бр.08-92/1.4 од ден 02.02.2026 година во останатиот дел останува непроменета.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-623/1.3**
**24.07.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за усвојување на Извештајот – Елаборатот за проценета штета од природна непогода – мраз што ја зафати територијата на Општина Росоман од 02ри до 04ти мај 2026 година, донесена на 14-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 24.07.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-623/1.4**
**27.07.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 14-та седница одржана на ден 24.07.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

## за усвојување на Извештајот – Елаборатот за проценета штета од природна непогода – мраз што ја зафати територијата на Општина Росоман од 02$^{ри}$ до 04$^{ти}$ мај 2026 година

### Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Извештајот – Елаборатот за проценета штета од природна непогода – мраз што ја зафати територијата на Општина Росоман од 02$^{ри}$ до 04$^{ти}$ мај 2026 година со бр.02-455/5 од ден 20.07.2026 година со вкупно проценета штета во износ од 88.779.768,00 денари, изготвен од Комисијата за процена и утврдување на висината на штета настаната како последица од природна непогода – мраз формирана со Решение бр.08-444/1.2 од ден 07.05.2026 година.

### Член 2

Извештајот – Елаборатот од член 1 на оваа Одлука да се достави до сите надлежни институции за постапување по истиот.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-623/1.4**
**24.07.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на ЈОУДГ „Праскичка“ – Росоман, донесено на 14-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 24.07.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-623/1.5**
**27.07.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а во врска со член 114 став 8, став 13 и став 16 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25, 132/25 и 125/26) и доставеното Известување бр.03-30/1 од 19.05.2026 година од страна на ЈОУДГ „Праскичка“ - Росоман, Советот на Општина Росоман на 14-та седница одржана на ден 24.07.2026 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на ЈОУДГ „Праскичка“ – Росоман

1. Со ова Решение поради истек на мандатот, од функцијата членови на Управниот одбор на ЈОУДГ „Праскичка“ – Росоман како претставници од основачот се разрешуваат лицата Стојне Кавазова од Росоман и Емилија Јакимовска од Росоман, именувани со Решение бр.08-244/6.1 од 29.04.2022 година.

2. За членови на Управниот одбор на ЈОУДГ „Праскичка“ – Росоман, како претставници од основачот – Општина Росоман, се именуваат лицата:
   - Емилија Јакимовска од Росоман;
   - Павлинка Секуловска од Росоман и
   - Драгана Темова Славов од Росоман.

3. Поради истек на мандатот, од функцијата член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Праскичка“ – Росоман како претставник од установата се разрешува лицето Андријана Петрова – Ѓоргова од Росоман, именувана со Решение бр.08-244/6.2 од 29.04.2022 година.

4. По предлог на Стручниот совет на ЈОУДГ „Праскичка“ – Росоман, за член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Праскичка“ – Росоман како претставник од установата се именува лицето Марина Давитова – вработена во ЈОУДГ „Праскичка“ – Росоман.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-623/1.5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**24.07.2026 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Р О С О М А Н** **Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Заклучокот по однос на точка 6 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Предлог – Решението за формирање на Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти, донесен на 14-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 24.07.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-623/1.6**
**27.07.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 14-та седница одржана на ден 24.07.2026 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

**1.** По однос на точка 6 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Предлог – Решението за формирање на Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти, Советот на Општина Росоман по спроведената расправа одлучи:

– Советот на Општина Росоман не го донесе Решението за формирање на Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти, поради немање на потребно мнозинство.

**2.** Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-623/1.6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**РОСОМАН**
**24.07.2026 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Р О С О М А Н** **Ангел Камчев с.р.**